Врз основа на член 9 алинеа 1 и 2 од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северана Македонија" бр3/25 и 74/25), Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 11.03.2026 година, донесе:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-331/1
23 MAR 2026 год. viti
Скопје Shkup

**РЕШЕНИЕ**

за формирање на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по Конкурс за учебници во основно образование со архивски бр. 26-1056/1 од 23.09.2025 година за наставниот предмет **Граѓанско образование за VIII одделение во основно образование**

1. Се формира Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракопис за учебник за предметот **Граѓанско образование за VIII одделение во основно образование,** во состав:

**Проф.д-р Зоран Матевски-УКИМ Институт за социологија Скопје**

**Проф.д-р Македонка Радуловиќ-УКИМ Институт за семејни студии Скопје**

**Симона Петковска Илиеска ООУ Владо Тасевски - Скопје**

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Рецензенска комисија од точка 1 на ова Решение врши стручно вреднување на ракописот за учебник согласно со Методологијата за вреднување на учебници доколку нема забелешки, во рок од 14 дена од денот на формирањето да достави стручно мислење до Педагошката служба согласно член 14 став (6) од Законот за учебници во основно и средно образование.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА**
**Проф.д-р Ташко Ризов**

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=275355, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.03.19 11:51:15 +01'00'

Република Северна Македонија * Национална комисија за учебници * Скопје - Shkup

**Доставено:**
-Рецензентската комисија
-Писарница на Министерството

Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

**Педагошка служба** **Shërbimi pedagogjik**

Бр. 26-351/2 23 MAR 2026
Датум ______________

ДО:
Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по наставниот предмет **Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование** формирана со Решение бр.26-351/1 од 23.03.2026 година

ПРЕДМЕТ:Доставување на шифрирани ракописи за учебници по наставниот предмет **Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование**

Почитувани,

Министерството за образование и наука -Педагошка служба објави Конкурс бр. бр.26-1056/1 на 23.09.2025година,на својата веб-страница.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) од страна на директорот на Педагошката служба со Решение бр.26-49/33 од 26.01.2026 година, е формирана Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по објавениот Конкурс.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) од Законот, по извршената проверка и шифрирање на пристигнатата документација по објавениот Конкурс, со допис бр.32-5/1 од 28.01.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-97/1 од 28.01.2026 година, до Педагошката служба ги достави шифрираните ракописи за учебници во три примероци во затворени и запечатирани пликоа за наставниот предмет **Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование,** со напомена истите да бидат доставени до Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по наставниот предмет **Граѓанско образование за VIII (осмо) одделение во основното образование** за понатамошно постапување.

Согласно наведеното, Ви го доставуваме ракописотсо **шифра 30**.

Покрај горенаведениот шифриран ракопис во прилог Ви го доставуваме и мислењето од Бирото за развој на образованието бр.09-170/27 од 17.02.2026 година заверено во писарницата на Министерството за образование и наука со бр.26-49/41 од 18.02.2026 година, според кое треба да постапите согласно член 14 став (6) од Законот.

Прилог:
- 1 шифриран ракопис за учебник во 3 примероци

Со почит,

**ДИРЕКТОР**
**м-р Роберт Аџипетров**